**ПРИЛОГ 8.А: ПРИНЦИПИ НА НАПЛАТА**

**1.** Основата за пресметка на надоместокот за Услуги За Сообраќај, Услуги За Избор На Оператор, Услуги За Телефонски Интерконекциски Линк на Македонски Телеком АД се одредбите содржани во Член 48 Став (1) во ЗЕК од 2005 година. Основа за пресметката е LRIC методологијата за пресметка на трошоци.

**2.** Елементите за наплата наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) содржат надоместоци кои не зависат од Сообраќај и надоместоци кои зависат од Сообраќај.

**а)** Надоместоци кои не зависат од Сообраќај
- **I)** Еднократен надомест;
- **II)** Месечен надомест.

**б)** Надоместоци кои зависат од Сообраќај:
- **I)** Тарифа За Користење;
- **II)** Надомест По Повик.

**3** „Еднократен Надомест" значи надомест кој Операторот-корисник треба да му го плати на Давателот На Услуги со првата употреба на дадената Услуга.

**4.** „Месечен Надомест" значи надомест кој Операторот-корисник треба да му го плаќа редовно, на месечна основа, на Давателот На Услуги за користење на дадената Услуга, без оглед на фактичкото користење.

**5.** Операторот-корисник може да побара од Македонски Телеком АД да му биде овозможено да го плати Еднократниот Надомест за Услугите за кои Страните имаат склучено Договор за 3 (три) или повеќе години на 36 еднакви месечни рати, при што треба да биде земена во предвид пондерираната просечна цена на капитал.

**6.** Барањето на Операторот-корисник за плаќање на Еднократниот Надомест на 36 еднакви месечни рати се поднесува во форма на изјава на Операторот-корисник заедно со банкарската гаранција која ја вклучува сумата за Еднократниот Надомест која е предмет на плаќање на еднакви месечни рати во Барањето за склучување на Договор За Интерконекција.

**7.** Доколку договорот склучен помеѓу Партнерот и Давателот На Услуги се раскине во однос на Колокациската Просторија пред истекот на периодот од 3 (три) години, поради причина која е под контрола на Партнерот, Еднократниот Надомест За Инсталирање На Колокација и Еднократниот Индивидуален Надомест За Инсталирање На Колокација за Партнер кој веќе имаат склучено Договор За Интерконекција со Македонски Телеком АД и кој избрал овие Надоместоци да ги плаќа на 36 еднакви месечни рати , Партнерот ќе ги плати овие Надоместоци за преостанатиот период од периодот од 3 (три) години еднократно со раскинувањето на договорот за Колокациската Просторија.

**8.** Надоместот За Сообраќај значи надомест кој Операторот-корисник треба да му го плати на Давателот На Услуги за Услугите За Сообраќај кои ги користел во дадениот месец, врз основа на:

**а)** множење на релевантната Тарифа За Користење со Времетраењето На Повикот зачуван во записите за повици; или
**б)** множење на релевантниот Надомест По Повик со бројот на Повици.

**9.** Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци и Тарифите За Користење содржани во МАТЕРИО сочинуваат една целина, т.е. измена на било кој елемент на наплата бара измени и на другите надоместоци, според методологијата за алоцирање на трошоци. Новите надоместоци се предмет на одобрување од страна на АЕК.

**10.** Еднократните Надоместоци, Месечните Надоместоци и Тарифите За Користење содржани во МАТЕРИО важат од првиот ден во месецот по денот од одобрувањето на надоместоците од страна на АЕК.

**11.** Надоместоците наведени во Прилог 8.Б (Надоместоци) се без ДДВ. Сепак, во однос на обврските за плаќање, ДДВ претставува составен дел од надоместоците кои се наплаќаат.

**12.** По откажувањето (раскинувањето) на Услугата или по раскинување на Договорот За Интерконекција, Давателот На Услуги не е обврзан да и го рефундира Еднократниот Надомест на Операторот-корисник.

**13.** Дополнителните услуги кои не се обезбедуваат во МАТЕРИО ќе се наплаќаат на комерцијална основа. Овие дополнителни услуги не содржат никакви услуги кои се неопходни за користење на услуги за интерконекција.